


**Митева: СДС да каже дали се оградува од планот на ДУИ за дестабилизација, во спротивно ќе покажат дека се соучесници**

ДУИ незадоволна од тоа што е во опозиција со месеци прави потези кои имаат за цел да финализираат со дестабилизација, но изјавата на претседателот Мицкоски ги осуети нивните планови па сега бараат начин да се регрупираат.

ДУИ треба да одговори кој го работи сценариото со кое сакаат да ја доведат државата до дестабилизација. Нарачаните анализи или како и да ги нарекуваат нивните памфлети за дефокус од вистинските причини не поминуваат. СДС да не молчат и да не се криjат, мислејќи дека на никој нема да му текне да ги праша, дали ги поддржуваат ДУИ во идејата за дестабилизација на државата или не.

ДУИ се соголија, признаа дека планираат протести и дестабилизација на државата, затоа доколку СДС веднаш не се оградат ќе значи дека и сега како и до сега во власта, се само помал партнер за правење на криминал во режија на ДУИ.

Филипче ќе покаже дека само чека насока од Речица за да знае кој политички дискурс да го фати.

Молкот од СДС, пак, покажува до кое дереџе дојде оваа партија, која наместо да биде конструктувна опозиција е привезок на ДУИ за дестабилизација и темни сценарија.

СДС имаат уште малку време да излезат од прегратките на ДУИ и да се оградат од нивните планови.

Знаеме дека Венко Филипче е уплашен за себе, свесен дека ќе треба да одговара, но тој треба да знае дека соработката со ДУИ нема да го спаси, бидејќи и нивните планови веќе пропаднаа, а тој само се соголи пред целата јавност.